# Вести од светот

## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ

2018 • **ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОАЗИСКА ПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА





www.AdventistMission.org

# Содржина

**Насловната страна:** Ана Фонгчан е директор е на адвентистичкото меѓународно училиште Корат. Ова тримесечје ќе читаме за настаните во ова училиште од Тајланд.


МЈАНМАР
5 Да познаваш влијателни луѓе / 6 октомври
8 Водач на животот / 13 октомври T

КАМБОЏА
10 Раката која плива / 20 октомври T
10 Експеримент во црквата / 27 октомври T

ФИЛИПИНИ
13 Да лета за Бога / 3 номеври T

ИНДОНЕЗИЈА
15 Лекари проповедници / 10 ноември
18 Лимета која исцелува /17 ноември T
20 Отпадок кој променил еден живот / 23 ноември

25 Отруена од страна на Мајка Венди / 1 декември T

ИСТОЧЕН ТИМОР
28 Библија која збунува / 8 декември

ТАЈЛАНД
31 Да се живее по вера / 15 декември
33 Молитва за исчезнатата сестра / 22 деекмври T
36 Програма на 13-тата сабота: Проблем со темпераментот / 29 декември
42 Идни проекти за 13-тата сабота


T = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело






Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беа употребени за изградба на Адвентистичкото меѓународно училиште во Дили, главниот град на Источен Тимор. Прочитајте ја приказната за Источен Тимор на 22 страница од вашето списание.

Seventh-day Adventist Church®


© 2018 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved


12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Јужноазиската пацифичка дивизија ЈАПД), која се простира на територија од 14 држави во кои дејствува Адвентистичката црква: Бангладеш, Брунеј, Даресалам, Камбоџа, Индонезија, Лаос, Малезија, Мјанмар, Филипини, Сингапур, Шриланка, Тајланд, Источен Тимор, Виетнам, и Пакистан.

Во оваа област на светот живеат околу една милијарда луѓе, од кои 1,4 милиони се адвентисти, што претставува однос од еден адвентист на секое 707 лице. Ова тримесечје на 13. сабота ќе бидат претставени седум проекти (центри на влијание). Овие центри служат за воспоставување на односи на верниците на Адвентистичката црква со луѓето од локалните средини. Овие центри на влијанија можат да бидат книжарници, библиотеки или вегетаријански ресторани.

Во ова мисионско списание, посебно нагласуваме два центра на влијание во оваа дивизија:

- Центар на влијание „Корат“ во градот Након Рачасима во Тајланд и
- Центар на влијание „Батамбанг“ во Камбоџа.

Исто така, ќе запознаете и еден деловен човек, кој придобива души во Источен Тимор и пилот на хеликоптер кој летал за војската на САД, сѐ додека не одлучил да ја празнува саботата, а сега лета во Божјо име на Филипините. Не пропуштајте ја прикажната Раката која плови од Камбоџа, и Лиметата која исцелува од Индонезија.

## Можности

Даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба или проширување на:

1. Здравствениот центар *Подобар живот* во Лахор, Пакистан.
2. Училиштето за јазик *Намтисаван* во Хгоја, Фонсаван, Лаос.
3. Меѓународното адвент. мисионерско училиште во Корат, Тајланд.
4. Центарот *Исеншил Лајф* во Батамбангу, Камбоџа.
5. Младинскиот мисионски центар во копнениот дел на Малезија.
6. Центарот за обука на литерарни евангелисти во Лајк Себу, Филипини
7. **Детски проект:** Единаесет училници за детската саботна школа, Саравак, Малезија.

### ПОСЕБНИ ОДЛИКИ

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од

линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и ставете Ми се допаѓа на нашата фејсбук страница: Facebook.com/missionquartelies.

Искористете ги предностите на мисионските приказни во видео запис, кои изнесуваат искуства на луѓе ширум светот, со посебен фокус на приматели на мисионските дарови на 13 сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео клип и линк на интернет, за да можете да преземете апликација, или да гледате видео клипови онлајн.

Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземате и да ги прикажувате во своето одделение на компјутерот или на мобилниот телефон, додека читате мисионерски статии, или можете да ги испечатите и со сликите да ја украсите просторијата на саботната школа или својата саботно-школска табла.

**Дополнителни информации и активности:** Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку вебсајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Ви благодарам што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилство Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



# Да познаваш влијателни луѓе

Мјанмар / 6 октомври, 2018

Семјуел Соу



Врските се многу важни во Мјанмар. Не е важно кој сте или што имате, туку кого познавате. Но, изгледа дека врските не им биле од голема полза на водачите на Адвентистичката црква, кога им требало одобрување од властите да изградат поголема училишна зграда во главниот град Јангон. Бројот на ученици кои се запишуваат во училиштето постојано расте, достигнувајќи до 650 ученици запишани во две мали училишни згради, кои се користат од 1975 година. Водството на училиштето нема друг избор и мора да ги одбива учениците кои сакаат да се запишат поради ограничениот простор.

Водството на Црквата стапило во контакт со градските власти за да добие одобрение за изградба на нова училишна зграда, но никој од властите не сакал да ги потпише документите и да издаде одобрение за градба.

Водачите тогаш посегнале по своите лични контакти во градските власти, но повторно ништо не се случило.

Генералната Конференција на Христијанската адвентистичка црква, највисокото административно тело во Црквата, ја препознало потребата за изградба на ново училиште и одобрило средства за Јужноазиската пацифичка дивизија, во која од 2012 година припаѓа и Мјанмар.

Парите биле на располагање, но локалните црковни водачи не можеле да воспостават вистински врски со градските власти, кои би го одобриле проектот. Поминале три години.

Во меѓувреме било избрано ново црковно раководство. Бидејќи новите водачи немале контакти со градските власти, кои би го одобриле проектот, дигнале раце од идејата за ново училиште. Приказните изгледале како несовладливи.

Семјуел Соу, претседателот на Јужноазиската пацифичка дивизија, роден во Мјанмар, благо ги прекорил локалните водачи во црквата.

„Знам дека немате пријатели и не познавате влијателни луѓе, но Бог е на наша страна. Ако побараме од Него, Тој ќе нѐ води во ова".

Ги повикал сите верници да се молат за повторно да се поднесе молба до градските власти за одобрување на изградбата.

Водачите се молеле и ја посетиле канцеларијата на градските власти, во која службеничката ги примила на разговор. Нејзиното лице се зацврнело која слушнала дека тие го претставуваат новото адвентистичко училиште во Јангон.

„Вие сте од тоа училиште", изјавила таа радосно. „Јас учев во тоа училиште. Многу ги ценам вредностите и образованието кое таму го стекнав, и поради тоа и моите две деца токму сега таму го стекнуваат своето образование".

Кога слушна дека училиштето планира да се прошири, таа изјавила дека лично ќе се погрижи за сите документи.

„Ќе ви помогнам и ќе се погрижам за сите неопходни документи".

Сѐ што кажала, во краток временски период и го исполнила. Конечно започнале градежните работи околу новата училишна зграда.

Новата училишна зграда е посветена на Бога во 2017 година, на свеченото отворање на кое присуствувал и самиот врв на Адвентистичката црква, Тед Вилсон. Тој на професорите им порачал: Исус секогаш да биде во центарот на образованието, и им рекол дека училиштето е многу значаен центар на влијание во Јангон, град во кој живеат околу 5 милиони луѓе.

Училишниот благајник Весли Џо ја изразил својата благодарност на верниците на Црквата за даровите кои ги приложувале за училиштето во второто тримесечје на 2012 година, во рамките на при-

ложувањето на даровите за 13. сабота.

Со ова биле собрани 300.000 долари. Изградбата на црковната зграда, според пресметките, чинела 1,3 милиони долари. Од донаторите биле собрани 425. 000 долари. Генералната конференција приложила 400.000 долари, 200.000 уплатила Јужноазиската пацифичка дивизија и 50.000 долари АДРА.

## Мисионски информации

Мјанмар има 233 цркви и 30.920 верници. На популацијата во државата од 52.414.000 жители, има 1 адвентист на секој 1695 луѓе.

Во Мјанмар активно работат два адвентистички факултета, издавачка куќа, дописна библиска школа „Гласот на пророштвото“.

„Училиштето тежнее да биде зрак на божествената светлината во локалната средина“, вели директорот Сау Лај Вах. Новата училишна зграда ќе може да прими 800 девојчиња и момчиња, а уште деца ќе можат да се примат доколку продолжиме да ја употребуваме старата зграда. Училиштето во моментов има 648 ученици од кои 28% потекнуваат од адвентистички семејства.

Самјуел Сао, претседател на дивизијата смета дека изградбата на ова училиште е вистинско чудо.

„Можеби немаме некои влијателни контакти со властите, но го имаме најзначајниот контакт – Бог“.

Елена Вајт вели: „Бог ќе го исполни своето дело, ако Му дозволиме да бидеме орудие во Неговите раце“.

„Кога го бараме, веруваме и имаме доверба во Него, Тој ќе нѐ поведе и ќе ни помогне да се изბориме со проблемот. Бог е секогаш присутен, зашто тоа е Негово дело“.



# Вода на животот

Мјанмар/ 13 октомври 2018

Транки Вергара, 44

Ова е приказна за тоа како едно мало дело го отворило патот за отворање на адвентистичко училиште во едно село во Мјанмар.

Во јануари 2016 година, група од 32 студенти-мисионери дошла на границата меѓу Тајланд и Мајнамр во еднонеделна посета. Овие млади луѓе од адвентистичкиот колеџ од Хонк Конг и напредната корејска подготвителна академија од Јужна Кореја, дошле да држат часови по музичко образование на децата кои одат на училиште, да изградат темели за детско забавиште, како и да пронајдат други начини да им помогнат на бегалците од Мајнмар, кои се наоѓаат во пограничната област.

На почетокот, пред да имаат какви било активности, еден студент-мисионер од Хонк Конг заедно со уште двајца мисионери од Тајланд и нивниот фотограф, отишле во Мјанмар на едно кратко патување со мотори. „Овие четворица млади луѓе сакаа да одат во едно мало село во кое живеат 14 семејства," кажува Транки, еден од тајландските мисионери.

Во селото, посетителите можеле да бидат сведоци на секојдневната борба на локалните жители за вода за пиење. Најблискиот извор се наоѓал на околу 1,5 километар оддалеченост од селото, а мештаните пешачеле до таму, носејќи ги тешките кофи со вода.

Студентката Јаниз Шук Чинг Ли се сожалила над овие семејства. Нејзиното срце било поттикнато од желбата да им го олесни животот на овие луѓе.

Кога Јаниз се вратила на границата, во местото на кое се наоѓал бегалскиот центар, на останатите мисионери им раскажала што видела. Мисионерите одлучиле да донираат 50.000 бахти (1.500 долари) за да се изгради и да се постави водовод од резервоарот до селото. Овие пари биле останати од сумата што била собрана за

време на мисионските активности од продажба на колачи. Овие студенти се вратиле во своите домови еден месец подоцна, кога водоводот бил поставен. Транки по електронска пошта им испратил слики на сите студенти мисионери.

Овој водовод, освен вода од изворот, на селските деца им овозможил да пијат и од Водата на животот.

„Селаните не беа христијани, и не сакаа да имаат ништо со христијанството. Но, кога го видоа ова едноставно дело на добрина што го направија христијаните за нив, изразија желба во нивното село да се основа и училиште за нивните деца“.

Во согласност со повикот од овие мештани, Адвентистичката црква основа училиште во ова село во јуни 2016 година. Во моментов во училиштето има 40 запишани ученици. Сите деца од селото го посетуваат ова учи-



*Еден од селаните ја користи славината по поставување на водоводот.*

## Во врска со искуството

1 Транки се изговара Чранки.

## Брзи факти

1 Мјанмар бил познат под името Бурма до 1989 година, кога воената хунта го преименувала името на државата во Мјанмар, а главниот град Рангун е преименуван во Јангон.

2 Мажите и жените во Мјанмар користат жолта паста добиена од кората на дрвото танака како еден вид козметичко средство. Кога оваа паста ќе се стави на лицето, таа станува ефикасна заштита од сонцето, кое ја подмладува, бидејќи спречува појава на мрсна кожа.

3 Обичниот оброк во Мјанмар се состои од варен ориз, риба, месо, зеленчук и супи. Сè се служи заедно. Локалното население со прстите прави топчиња од ориз, а потоа ги прелева со разни сосови.

4 Традиционалната бурманска носија се вика „лонги“, и тоа е ткаенина која е завиткана околу телото кое го носат и мажите и жените. Мажите го врзуваат својот фустан на предната страна, додека жените ја врзуваат од страна.

5 Народот Инта, кој живее на езерото Инта, својот зеленчук го одгледува на пловечки островчиња, кои настануваат од насобраните корења од трева и воен зумбул. Овие пловечки градини, можат да се сечат, реорганизираат и да бидат поместувани, па дури и продадени како парче земја.

6 Фестивалот на вода во Мјанмар е познат под името Тингјан, и тоа е четиридневен празник посветен на водата, со кој се прославува и нова година. Тингјан е најголем настан во државата, популарен фестивал, како за локалното население, така и за странските туристи.

7 На планините на Мјанмар можат да се најдат скапоцени видови на камења, околу 90% од рубините во светот потекнуваат од Мјанмар. Сафирот и жадот исто така можат да се најдат во изобилство.

лиште, а во него доаѓаат и децата од околните села.

„Луѓето во селото сега изгледаат позадоволни и понаклонети, бидејќи имаат вода за пиење и училиште“.

Транки има 44 години и ги извршува своите редовни мисионски активности на границата меѓу Тајланд и Мјанмар. Тој исто така е и наставник по физичко и уметничко воспитување во меѓународното адвентистичко мисионерско училиште Корат, училиште од прво до деветто одделение на Тајланд, кое ќе добие дел од даровите на 13. сабота во ова тримесечје. Ви благодариме што со своите дарови ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква.



# Раката која плови

Камбоџа, 20 октомври 2018

Сорн Сом Ан, 40

Сорн Сом Ан растел како единствено дете на самохрана мајка на една фарма во Камбоџа. Почнал да ја посетува црквата со желба да придобие една девојка.

Но, за да се ослободи од семејната религиозна традиција, му било потребно многу повеќе од една девојка. Му била потребна визија на една рака која плови.

Како тинејџер, Сом Ан ја придружувал својата девојка одејќи секоја недела во нејзината црква во нивниот роден град Доун Каеву, кој се наоѓа 70 км јужно од Пнон Пен, главниот град на Камбоџа.

„Не бев заинтересиран за религијата, туку за девојката“, вели Сом Ан. „Една недела, еден адвентистички евангелски работник се обрати на нашата мала заедница, бидејќи го беше повикал еден од верник од црквата. Адвентистичката порака ги заинтересира верниците, и говорникот го поканија да зборува и наредната седмица. По третата проповед, верниците на црквата анонимно изгласаа нивната црква да стане Христијанска адвентистичка црква.“

Тогаш одлучиле да го испратат Сом Ан во Пном Пен за оваа одлука да ги извести водачите на Адвентистичката црква. Наскоро биле крстени 30 верници. И Сом Ан исто така бил крстен, иако не верувал во Бога.

„Јас сум роден во семејство кое не е христијанско, и промената кај мене не настапи толку едноставно".

По своето крштевање тој се преселил во Пном Пен, заминувајќи да студира на тамошниот универзитет. Бидејќи имал малку пари, побарал помош од црковните водачи. Му биле дадени клучеви од едно еднособно станче, во кој можел да живее бесплатно.

Во текот на втората година од студиите, тешко се разболел. Неговото тело горело и едвај можел да се помести во креветот. Мислел дека ќе умре. А, потоа, се сетил дека во црквата слушнал дека Исус е моќен Бог. Си помислил: „Зошто да не се помолам и да побарам помош од Бога".

Се обидел да стане од креветот и да клекне да се моли. Но, бил премногу слаб и паднал. Се обидел уште еднаш и повторно не успеал. Ја собрал сета своја сила и се обидел и по трет пат. Конечно успеал!

Затворајќи ги очите рекол: „Мили Боже, помогни ми, Те молам".

Како што почнал да ги изговара зборовите, така видел зрак на светлина на другиот крај од просторијата. Светел неколку секунди, а потоа исчезнал. Си помислил: „Бог ми дава до знаење дека е присутен и дека ме слуша".

Продолжил со својата молитва: „Слушнав дека си силен Бог. Прочитав во Библијата дека си излекувал многу луѓе, те молам да ми помогнеш и да ме исцелиш. Ти благодарам за сè, амин".

## Во врска со искуството

- Som An се изговара Сохм-ан.

## Мисионски информации

1. Мисијата во Камбоџа има 6 цркви и 6.719 верница. На население од 15.797.000, тоа претставува однос од 1 адвентист на секој 2.351 човек.
2. Првиот адвентистички мисионер кој влегол во Камбоџа, тогашна Индокина, бил Фред Л. Пикет во јануари 1930 година. Тогаш властите одбиле да му издадат дозвола да изгради црква со 32 верници-Камбоџанци во Тин Биен, село во близина на Чуадок (сегашен Виетнам) и во Кочина (Кина).

Сом Ан се вратил во креветот. Во тој момент, го видел зракот на светлост кој изгледал како рака која се движи. Раката поминала над неговите нозе, почувствувал олеснување, мускулите повеќе не го болеле. Потоа раката поминала над неговиот стомак. Каде и да поминела раката, тој дел од телото бил излекуван. Кога раката поминала преку неговата глава, почувствувал дека температурата се спуштила – бил потполно излечен.

Истиот момент станал од креветот и скокал низ собата од радост, извикувајќи: „Ти благодарам, Боже, за силата со која ме исцели. Ти благодарам!“

Тогаш имал 20 години. Денес, Сом Ан има 40 години и предава теологија на приватниот универзитет во Батамбанг, втор по големина град во Камбоџа. Тој е активен верник на локалната црква и со задоволство и ревносно секому му сведочи за Божјата исцелувачка сила.

„Јас бев толку тврдоглав, слично како апостолот Тома“, мислејќи на библискиот настан во кој Тома одбил да поверува во Христовото воскресение, додека лично не го види доказот.

„Навистина сметам дека Бог ја употреби својата сила за да го промени моето срце. Ако Бог не го направеше тоа чудо со моето исцелување, веројатно денес не би верувал во Него. Но денес, јас цврсто верувам во Бога, и без оглед на тоа колку животот ми е тежок, јас и понатаму ќе верувам“.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за да се изгради центар на влијание за локалната средина во црквата на која ѝ припаѓа Сом Ан. Тој центар на влијание ќе има медицинска и стоматолошка клиника, вегетаријански ресторан, продавница со органски производи, место на кое ќе се служат сокови и ќе има фитнес-центар. Ви благодариме што со своите прилози ги поддржувате мисионските дарувања“.



# Експеримент во црквата

**Камбоџа / 27 октомври 2018**

**Јан Пира, 20**

Кога имал 19 години, Пира одлучил да го искуша Бога. Овој тинејџер, веќе неколку месеци ја посетувал адвентистичката црква во Батаманга, втор по големина град во Камбоџа.

Го слушал пасторот додека ги читал стиховите од Книгата на пророкот Малахија: „Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек?“ (Малахија 3,10)

Кога дошол во црквата наредната сабота, било време за прилојување на даровите. Приложил 1.000 камбоџански риали (0,25 долари). Тоа биле сите пари што ги имал.

Наредниот ден, неговиот постар брат Фирун, без никаква причина му дал 10.000 риали (2,50 долари). Неговиот брат понекогаш му давал пари во посебни прилики како, на пример, за камбоџанската Нова година или за традиционалната прослава на Денот на мртвите, но никогаш не му давал пари без никаква причина.

Пиру бил изненаден.

Но, дури ни тогаш не бил подготвен да поверува дека тоа е дар од Бога. Наредната седмица, одлучил повторно да го тестира Господа. Повторно ставил 1.000 риали во корпата за дар. Имал 5.000 риали во својот џеб. Не ги ставил сите пари, бидејќи 5.000 риали му биле потребни за да го наполни со гориво својот мотор, но на крај излегло дека 4.000 биле доволни.

„Во текот на седмицата, роднините и пријателите почнаа да ми даваат пари без никаква причина, така што имав доволно за гориво“. Немав потреба од никого да барам пари“.

Неколку седмици подоцна, Пиру се нашол во сериозни неволји. Црквата организирала Божиќна програма, а тој поканил 15 свои

пријатели на свеченоста. Морал да ги вози на својот мотор до црквата. Додека ги возел пријателите, ги сопрела полиција, бидејќи не носеле заштитни шлемови, што било задолжително според прописите за сигурност на патот во Камбоџа.

Но, полицаецот не зборувал за шлемовите, туку за документите за сопственост. Пиру го повикал својот брат кој бил сопственик на моторот и дознал дека документите многу одамна се изгубени.

Бил загрижен. Полицијата можела да му го одземе моторот, а него да го обвини за кражба. Не знаел што да прави.

„Тогаш се сетив како пасторот ме учеше да се молам. Се помолив во себе“. Ни пријде уште еден полицаец и нè праша што се случува. Пиру ја објаснил ситуацијата. Полицаецот рекол: „Плати казна од 20.000 риали и можеш да си одиш“.

Пиру немал пари, но во својот ранец кој го носел на грбот имал стар компјутер кој неуспешно се обидувал да го продаде веќе неколку седмици. Го оставил моторот кај полицајците и отишол во блиската заложна куќа. Сопственикот на заложната куќа за компјутерот му исплатил 40.000 риали. Со добиените пари ја платил казната во полиција.

Овој инцидент ја зајакнал неговата вера. „Ова ми е доказ дека Бог постои. Бог ми помогна и одговори на мојата молитва кога имав проблем“.

Неговите пријатели кои се возеле без заштитни шлемови, го изразиле своето изненадување кога дошле во црквата на Божиќната програма. „Бог навистина ти помигна во средбата со полицијата“, рекле.

Пиру позајмил заштитен шлем од некој верник од црквата за да ги однесе и ос-

## Во врска со приказната

1. Pheara се изговара како Пиру.
2. Парична валута во Камбоџа е rial; се изговара риел.

## Брзи факти

3. Знамето на Камбоџа, покрај авганистанското е единствено на светот на кое има слика на постоечка зграда.
4. 95% од жителите на Камбоџа зборуваат на кмерски јазик. Францускиот јазик е втор официјален јазик и најчесто се користи во деловните и дипломатските кругови.
5. Економијата на Камбоџа традиционално се потпира на земјоделството. 85% од обработливите површини се посадени со ориз, додека остатокот посаден со каучукови дрвја.

танатите пријатели на свечената богослужба.

Денес, тој е единствениот крстен христијанин во своето семејство. Тој исто така студира на универзитетот и секоја седмица на младите во црквата им држи часови за компјутерски програми. Неговите предавања ќе се одржуваат во новиот центар на влијание кој ќе биде изграден со средства од даровите на 13. сабота од ова тримесечје. Ви благодариме што со своите прилози ги поддржувате мисионските дарувања, кои им помагаат на луѓето како Пиру, да допрат до луѓето во своите локални средини.



# Да се лета за Бога

Филипини, 3 ноември 2018

Двејн Харис, 39

Двејн Харис никогаш не ни сонувал дека ќе ја напушти војската на САД и ќе стане мисионерски пилот на Филипините. Но, тогаш му се случил инцидент – изгубил сè што имал во пожар кој ја зафатил неговата куќа.

Двејн растел во адвентистичко семејство во американската држава Монтана. Како момче, ги сакал авионите и секал да стане мисионерски пилот. Кога завршил средно училиште, се запишал на адвентистичкиот универзитет Вала Вала во државата Вашингтон, насока летање.

По една година студирање, се вратил во својот роден крај во кој ги продолжил студиите и дипломирал на насоката авиомеханичар, остварувајќи го својот дамнешен сон, бидејќи се стекнал и со лиценца за пилотирање. Набргу купил и мал половен авион и летал. Во меѓувреме добил работа во националната гарда на Монтана, која го испратила на обука за пилот на хеликоптер. Неговото христијанско искуство до тогаш било доста млако.

Еден ден, некој роднина му помогнал да стапи во контакт со еден пилот-мисионер кој дошол во САД. Двејн со својот авион одлетал

во Кентаки за да се сретне со тој човек, кој сакал со него да разговара за идејата да организираат хеликоптерска мисионерска служба на Филипините.

Но вечерта пред состанокот, му се јавила сестра му и му рекла дека неговиот дом потполно изгорел во пожар. Никој не бил повреден, но целата куќа и сè што имал таму, сè изгорело.

Кога наредниот ден се сретнал со пилотот-мисионер, размислувал: „Бог ги отстрани сите мои световни работи кои ме одвраќаа од Него. Свртувајќи се кон пилотот, му се обратил со ветувањето: „Ако можам да го раскинам договорот со националната гарда, со цело срце ќе можам да започнам нешто ново на Филипините“.

**Нови обврски**

Двејн не знаел на кој начин може да добие раскинување на договорот. Исполнил само две години од својот шестгодишен договор со националната гарда. Почнал да се моли за тој проблем.

„Кога ми изгоре куќата, почнав да размислувам за обврските во својот живот. Овој настан ми помогна да сфатам дека материјалните работи кои ги собираме на земјата не се ништо во споредба со вечноста. Единствената најважна работа во животот е нашето спасение и спасението на другите луѓе“.

За прв пат во својот живот почнал внимателно да ја проучува Библијата и секојдневно да се моли. Како што минувало времето, Бог почнал да го менува. По неколку месеци станал свесен дека треба да престане да прави компромиси околу држењето на саботата. Секој месец го викале на тридневна воена вежба, од петок до недела, и со тоа ја прекршувал саботата.

Двејн го прашал својот претпоставен командант за дозвола да биде ослободен од летовите во сабота, а тоа да го надомести во некој друг ден. Командантот го одбил. Двејн тогаш го известил својот командант дека за време на наредната вежба нема да биде присутен во сабота.

„Можам да ти дадам едно оправдано отсуство“, строго одговорил командантот.

„Вие правете го она што морате, а јас ќе го направам она што треба“, одговорил Двејн салутирајќи.

Командирантот не бил сигурен што треба да направи. Двејн до тој момент имал беспрекорно воено досие.

Неколку наредни месеци на воените вежби доаѓал само во петок и во недела. Се молел: „Бо-

же, води ме таму каде што сум потребен. Ако тоа е овде, во ред, ако е Твоја волја да одам на Филипините, јас тоа и ќе го направам“.

**Одговор на молитвите**

Еден ден, командантот го повикал и му рекол: „Разговарав со командантот на баталјонот и одлучивме да не го трошиме времето, ниту пак можностите за водење негативна акција против тебе, па затоа ќе добиеш чесен отказ од националната гарда“.

Двејн бил шокиран. Благодарение на Бога, набрзо го организирал патот до Филипините. Потоа сѐ си дошло на своето место. Во наредните неколку месеци, со помош на некои пријатели, ја вложил целата своја заштеда и купил мал хеликоптер.

„Бог сите работи ги стави во својот ред.“

Денес Двејн и неговата сопруга Венди, медицинска сестра-мисионерка, со која се запознал на Филипините, се директори на службата на Филипинската адвентистичка медицинска авијација (PAMAS). Оваа служба е дел од мисионерските активности на Христијанската адвентистичка црква која користи авиони и хеликоптери во пружањето на медициска нега и ширење на Евангелието.

„Поминаа десет години од моето доаѓање на Филипините. Бог од месец во месец беше верен во исполнувањето на нашите потреби. Малку по малку можевме да се прошируваме“.

Од доаѓањето од војска до оваа мисионерска служба, Двејн во својот живот можел на дело да ја види вистиноста на зборовите запишани во Библијата: „А знаеме дека на оние што Го љубат Бога и се повикани по Негова волја, сѐ им содејствува за добро“ (Римјаните 8,28).

„Бог сите работи ги става на свое место. Ние само треба да се држиме за верата и за Неговите ветувања“.

## Мисионски информации

Адвентистичкото дело на Филипините започнало во 1905 година кога австралискиот колпортер Р. А. Кадвел дошол и почнал да продава здравствени и религиозни книги на шпански јазик.

Во 1915 година народот на Филипини за прв пат можел да ја слушне адвентистичката порака на својот мајчин јазик тагалог. Таа евангелска серија од библиски предавања ја одржал Бибиано Панис. Како резултат на евангелизацијата, 104 луѓе биле крстени во 1916 година и тогаш била основана првата адвентистичка црква.



# Лекари проповедници

Индонезија / 10 ноември 2018

Џеј М. Томбокан

*Ова се искуства од адвентистичката болница Манандо, која примила дел од даровите на 13-тата сабота во 2012 година.*

Џеј секоја година одвојува неколку седмици од својот пренатрупан распоред, како лекар и како директор на индонезиската болница, за да одржи евангелска серија предавања.

Тој го охрабрува истото тоа да го прави и самиот болнички персонал.

Доктор Џеј сфатил дека јавните евангелски предавања го зближуваат него и неговите колеги во заедничката мисионерска цел – помагање на пациентите и нивното подготвување за Исусовото доаѓање.

„Евангелизирањето е мојот појадок и мојот ручек“, изјавил доктор Џеј во едно интервју, кое го дал од својата канцеларија во адвентистичката болница Манандо, здравствена установа со 150 кревети, која се наоѓа на островот Сучавеси.

Серијата евангелски предавања одржани во 2017 г. во болницата, во соработка со локалната црковна област, донела 69 крштавања. Уште 53 слушатели биле крстени во 2016 година. Во овие две евангелски серии проповедале само лекари.

Ова се променило во 2018 година, бидејќи болницата организирала три евангелски серии предавања. Едната ја воделе лекарите, другата медицинскиот персонал, а третата болничките административни службеници.

„Нам ни е потребно единство пред да излеземе во надворешниот свет. Обединети сме во заедничката визија кога учествуваме во јавните евангелски серии“.

Тоа е искуството на доктор Цеј, претседателот на адвентистичката болница Бандунг на Индонезискиот остров Западна Јава. Во текот на петгодишните евангелски активности на оваа болница, биле крстени 4.000 луѓе. Адвентистичката црква поседува 4 болници во Индонезија; Банда, Лампунг и болницата Медан се наоѓаат на островот Суматра.

Болницата Манандо имала 50 кревети кога била отворена во некогашниот центар на Унијата, во декември 2007 година.

Со помош на даровите од 13. сабота добиени во 2012 година, болницата во 2013 година можела да се прошири на 150 кревети.

Доктор Цеј вели дека болницата се соочува со недостаток на квалификувани лекари специјалисти кои би можеле да работат полно работно време. Во болницата се вработени 384 лица, од кои 90% се адвентисти и обезбедува нега на над 700.000 пациенти годишно.

Доктор Цеј, кој дошол во болницата Манадо во 2015 година, не очекувал дека ќе работи за адвентистичкиот здравствен систем. Како гинеколог, работел седум години во државната болница. Но, соочен со проблемот околу слободната сабота, ја напуштил својата дотогашна работа и набргу се вработил во адвентистичката болница Бандунг, во која започнал да организира јавни евангелски предавања.

Тој смета дека ширењето на Евангелието не само што ја исполнува мисионската цел, туку ја јакне и верата на болничкиот персонал. Персоналот на болницата проповеда и учествува во бесплатните медицински курсеви и здравствени семинари, кои се одржуваат за време на евангелските состаноци.

„Кога ќе излеземе да ги храбриме другите, ползата од тоа непосредно ни се враќа нам“.

Болницата има четворица капелани кои одржуваат духовна програма, вклучувајќи ја и 10 дена молитва, и секојдневно утринско богослужение во секое одделение. Девет пациенти биле крстени во 2016 година, а уште двајца во 2017 година.

„Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот” (Матеј 28,19.20).

Овие стихови ги проникнуваат нашите копнежи да ја шириме вистината за нашиот прекрасен Спасител. Ние го препознаваме времето и сметаме дека Исус скоро ќе дојде. Да! Исус скоро ќе дојде“.

## Брзи факти

| |
|---|
| Индонезија е голема земја со 17.508 острови и зазема површина од 1.919.440 км2. Оваа држава има три временски зони, и потребни се повеќе од 12 часа лет со авион за да се стигне од едната страна на другата страна на државата. |
| Индонезиската страна на Тимор е позната како дома на последните села на „ловци на глави“. |
| Индонезија секоја година извезува 3000 тони копани од жаба во Франција. |
| Бахаса е национален јазик кој се зборува во Индонезија, но се користат уште 700 домородечки јазиви, најзастапена е двојазичноста. Повеќето Индонежани се служат со својот мајчин, домородечки јазик, а во училиштата и на работните места со јазикот Бахаса. |



# Лимета која исцелува

Индонезија, 17 ноемвр 2018

Церен Вујсан, 27

Мисионерскиот авион нѐ остави мојот пријател и мене во подножјето на планината Папуа во Индонезија. Отидовме во градот да купиме што ни треба, и пред да тргнеме да се качуваме по планината, волонтиравме така во нашита студентска активност „една година за мисијата“. Немавме многу пари, но видовме една работа која сакавме да ја купиме во главната продавница, една вреќа со зелени лимети. Ја сакавме лиметата, а знаевме дека нема да ја најдеме таму на планината.

Две недели подоцна, бевме во планинското село Тинибил, но не го знаевме начинот на кој би можеле да им сведочиме на мештаните за Исуса Христа. Ја поминавме обуката во организацијата „Движење на 1000 мисионери“, која и нè испрати во ова село, но не знаевме како да ги заинтересираме мештаните за Евангелието. Се сетивме на одредени упатства при обуката дека, кога не знаеме што да правиме, треба да се помолиме. Почнавме да се молиме.

Еден ден, додека пешачевме кон селото, еден човек нè виде на патот и нè замоли да го причуваме неговиот слеп роднина кој се викаше Маријус. Отидовме во домот на Маријус и го прашавме што се случило и тој ни кажа дека ослепел пред две години.

„Навистина не знам како сè се случи така одеднаш“, одговори кимајќи со главата. Останатите мештани не се сомневаа во она што се случило. Сметаа дека тоа е дело на злите духови.

Маријус и неговото семејство се молеа за помош. Бараа лекови, бараа молитви. Мојот пријател и јас не знаевме што да правиме. Се вративме во својот дом и се молевме: „Господе, ако ова е начин на кој треба да започне нашата мисионерска работа, Те молиме, напрви чудо“.

Се сетивме на вреќата со лимета што ја купивме во подножјето на планината. Не бевме лакари, но знаевме дека лиметата има лековити својства. Наредното утро кога отидовме во домот на Маријус, ја понесовме со себе. Исековме една лимета на половина и се молевме. Потоа исцедивме неколку капки сок врз неговите очи и се молевме повторно. Тој ден, попладне, повторно отидовме во посета на Маријус, се молевме и уште еднаш исцедивме неколку капки лимета на неговите очи. Една недела го правевме истото и наутро и навечер. Ништо не се случи. Размислувавме да се откажеме. Но, во текот на втората седмица, Маријус ни кажа дека може да забележи светлина, за прв пат, по две години.

Бевме охрабрени и уште повеќе се молевме.

Помина еден месец, а еден ден Маријус ни кажа дека може по малку да гледа.

Истиот тој ден ние останавме без лимета. Не му рековме на Маријус дека повеќе немаме лимета. Му кажавме: „Сега ќе примениме една нова постапка – само ќе се молиме“.

Неколку седмици подоцна, го сретнавме Маријус на ливадата по-

## Во врска со искуството

1 Ceren се изговара Карен.

Карен служел како студент мисионер во текот на 2016 година. Тој сега е студент на теологија при универзитетот Клабат, кој се наоѓа недалеку од училиштето Манадо во Индонезија.

Не обидувајте се да ставате капки од лимета во очите како лек во своите домови.

## Брзи факти

1 Адвентистичката црква во Индонезија се состои од Источноиндонезиската област, со центар во Сулавеси и западно – индонезиската мисија со центар во Џакарта.

2 Адвентистичкото дело во Индонезија започнало во 1900 година, кога Р. Мунсон, бивш мисионер од друга деноминација во Сингапур, ја основал мисијата на Адвентистичката црква во градот Паданг, на западниот брег на Суматра. Еден од првите обратеници бил Тај Хонг Сланг, Кинез, христијански проповедник, кој многу порано, како сираче живеел во домот на Мунсон за напуштени деца во Сингапур. Во 1903 година Источноиндискиот архипелаг станал мисионско поле на Австралиската област.

3 Во 1905 година Емануел Сирегар од Батакланда ја прифатил адвентистичката вера откако помианл библиски проучувања со Р. Мунсон и така станал првиот индонезиски обратеник. Кога го прифатил Христа, се вратил во планинскиот дел на северна Суматра, област каде што живеело племето-човекојадци Батакс. Тој со себе ја понел и пораката на надеж која ја споделувал со својот народ.

крај својот дом. Слободно се движеше и можеше да гледа! Маријус ни кажа дека нема совршен вид, но доволно гледа за да може да живее нормален живот.

Маријус беше воодушевен. На другите мештани им кажуваше дека Исус го вратил неговиот вид, бидејќи ги совладал злите духовни.

Ова ни ја отвори вратата за ширење на Евангелието. Веста за ова чудо брзо се рашири по планинските села. Луѓето почнаа да доаѓаат кај нас за да се молиме за нив и да им пружиме медицинска помош. Не нарекуваа „пастори“ и „доктори“, иако ниту еден од нас двајцата не беше ни пастор ни доктор. Селаните сакаа да ја проучуваме Библијата со нив. Тоа беше одговорот на нашите молитви. По некое време, седум души беа крстени.

Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања и што помагате Евангелието да се шири и во најдалечните делови на светот како што се овие планински села во Индонезија.



# Отпадок кој променил еден живот

Индонезија / 24 ноември 2018

Петрус Тоболу, 50

Земјоделецот Петрус Тоболу бил многу лут, кога дознал дека неговата деветнаесетгодишна ќерка се крстила во Христијанската адвентистичка црква. Тој, 35 години служел како пастор лаик во црквата во селото Соахукум, кој се наоѓа на индонезискиот остров Халмахера. Не можел да сфати, како адвентистичкиот пастор можел да ја крсти неговата ќерка без негова дозвола, а дополнително го загрижувала и мислата дека адвентистичкото учење има сатанско потекло.

Зел еден голем стап и ја истепал Моника. „Откажи се од своите убедувања“, викал. Моника плачела, но не изговорила ниту збор. Ова потполно го збунило нејзиниот татко, кој се прашувал зошто не била лута на него.

Моника е една од четирите души кои биле крстени по проучувањето на библиските лекции и следењето на евангелските серии одржани на островот Халмахера. Тие биле првите адвентисти на островот, како резултат на работата на двајца студенти-мисионери.

Еден ден Моника дошла дома и донела кутија со адвентистички книги. Налутен поради тоа, Петрус ја зел кутијата и ја фрлил во дупката за отпадоци на дното од дворот. При паѓањето во дупката, кутијата се отворила и книгите паднале. Една книга го привлекла вниманието на Петрус: „Речиси заборавен ден“, која ја напишал евангелистот Марк Финли. Тајно, никој да не го види, ја извадил книгата и уште две списанија од дупката.

Наредното утро книгата и двете списанија ги понел со себе на нива. Меѓутоа, не можел да се сконцентрира на работата. Работел до 10 часот наутро, а потоа почнал да ја чита книгата и списанијата, и така останал речиси до вечерта. Истото се случило и наредниот ден. Ги споредувал библиските стихови наведени во книгата со

стиховите во својата Библија. Овие адвентистички материјали ги проучувал цели осум месеци.

„Забележав дека она што го пишува во книгата, истото е запишано и во Библијата. Продолжив да проучувам. Бев изненаден од она што го дознав за саботата“.

По сознанието дека саботата е Господов ден за одмор, почнал да проповеда за саботата во својата црква. „Зошто не ја држите Саботата? Ако не го следите она на што нè учи Библијата, за што ви служи таа“, ги прашал своите верници. По богослужбата, поттикнати од неговата проповед, верниците му пристапувале со различни коментари. „Долго време никој не проповедал вака“, рекол еден верник. „Можеби сакаш да внесеш некоја нова доктрина“, рекол друг. Петрус не размислувал за тоа, дека на овој начин го воведува адвентистичкото учење во својата црква. Тој сметал дека тоа е едноставно библиска вистина и дека се обидува само да го проповеда она што го дознал. На крајот, одлучил да ја празнува саботата.

Кога постарата сестра на Петрус дознала за неговите нови убедувања, му предложила да се приклучи на Адвентистичката црква. Таа знаела за црквата, бидејќи нејзината ќерка студирала на адвентистичкиот универзитет Клабат на другиот остров.

Нешто подоцна, Петрус повикал неколку пастори од Адвентистичката црква да проповедаат во неговата црква. Верниците од неговата црква ја каменувале црквата додека адвентистичките проповедниците проповедале, така што Петрус морал адвентистите да ги изведе од селото на сигурно.

Селаните со стапови го чекале Петрус да се врати, но тој некако успеал да ги избегне и да го напушти селото. Одлучил да се крсти во Адвентистичката црква. Петрус привремено го преселил своето семејство во Манадо, град во близина на универзитетот Клабат, и таму набргу се крстил, за време на една евангелска серија.

Кога тој и неговото семејство се вратиле во својот дом, затекнале други луѓе во својата куќа. Биле принудени да се сместат во куќичката која се наоѓала на нивниот имот и таму живееле во наредните два месеца. Двете деца на Петрус, неговите двајца синови, на возраст од 13 и 17 години, биле крстени во тоа време.

Мештаните му забранувале на семејството да ја празнува саботата, и така тие конечно се преселиле во Манадо и таму почнале подлабоко да ја проучуваат Библијата.

## Брзи факти

Индонезија опфаќа над 17.508 острови, кои 6000 се населени.

Во Индонезија можат да се најдат најразлични видови на флора и фауна, што оваа држава ја прави да биде втора во светот по биолошката разновидност по Бразил.

Индонезија е единствено место на светот на кое можете да видите комодо змеј во дивината. Суматра е единственото место, освен Борнео, на кое можат да се видат орангутани во дивината.

Индонезија се наоѓа во пацифичкиот огнен прстен, на кој се наоѓаат околу 150 вулкани. Повеќето од овие вулкани се неактивни, но секоја година се случуваат по една ерупција и еден посилен земјотрес.

Две години подоцна, се вратиле во своето село и го обновиле пријателството со мештаните. Ставот на мештаните кон ова адвентистичко семејство во меѓувреме се променил. „Се движевме меѓу луѓето и сведочевме. Почнавме со моите роднини, и за три години имавме 27 крстени верници и организиравме црква".

Денес, Петрус има 50 години и служи како старешина во црквата. Тој ја водел првата евангелска серија предавања во селото во септември 2017 г., по која се крстиле три души. „Мештаните, почнувајќи од мене, ги прогонуваа адвентистите, но денес осум семејства секоја сабота се собираат на заедничка богослужба".



# Труена од Мајка Венди

Индонезија, 1 декември 2018

Деси Наталија Анго, 21

Осумнаесетгодишната Деси Наталија Анго била восхитена кога со својата пријателка била избрана да помине една година како студент мисионер во Лимбонг, на југот од индонезискиот остров Сулавеси.

Деси сметала дека е добро да се биде во големиот град. Но, кога со својата пријателка дошла во канцеларијата на локалната црковна областт, со кола биле однесени по трошен пат, а потоа префрлени со мотори и поминале петчасовно возење по планината. Патот бил лизгав и Деси неколку пати паднала од моторот. На крајот од патот, овие

млади мисионерки дознале дека им претстои уште осум часа патување, но најпрво морале да извадат одобрение од страна на локалните власти за да можат да се качуваат по планината. Неколку луѓе од Лимбонг биле во канцеларијата и со одушевување ги дочекале Деси и нејзината колешка, водејќи ги кон селото и најавувајќи им ја извонредната вест.

Кога младите мисионерки конечно стигнале, селаните ги дочекале со церемонијално добредојде – пиле со црни пердуви било испечено и понудено на посетителите. Локалните мештани јаделе месо од пилиња.

„Ние не зборувавме на нивниот дијалект, и не разбиравме ништо што ни кажуваат. Не знаевме што да правиме“.

Што е најважно, мисионерките немале никаква идеја како да им сведочат на мештаните за Христовата љубов. Одлучиле да се молат и да постат во наредните два дена.

**Ќумур и папаја**

Во текот на вториот ден, една жена од селото побарала помош од мисионерките и ги однела кај својата мајка Индо Реко, која лежела болна во креветот.

Старата жена страдала од течење крв, веројатно слично на онаа жена која Исус ја исцелил, а за тоа читаме во Евангелието според Марко 5,25-34. Мисионерките немале никакво медицинско искуство и не знаеле што да прават. Меѓутоа, имале малку јаглен кој го помешале со вода, а притоа замолиле за дозвола да се молат на Бога за исцелување.

Се молеле: „Боже, веруваме дека Ти можеш да ја исцелиш оваа жена со овој раствор“. Размислувал што уште би можеле да направат. Одлучиле да го повикаат кампот на организацијата 1000 мисионери, кои ги упатила во ова село. За да имаат сигнал на мобилниот телефон, морале да се искачат на блискиот планински врв. По еден час качување дошле до врвот, се јавиле во кампот и стапиле во контакт со медицинската сестра, која ги советувала да згмечат една папаја со целото семе и банана и со тоа да ја нахранат Индо.

Кога се вратиле назад во куќата на Индо, Деси ѝ се обратила на болната жена со зборовите: „Ние сме христијанки и веруваме дека Исус ќе ти помогне. Ако го јадеш ова, ќе ти биде подобро“.

Мисионерките ја хранеле Индо со оваа мешавина на папаја и банани во наредните триесет дена. Исто така, ја советувале да не јаде месо од нечисти животни. По еден месец, крварењето престанало и Индо можела да се врати на својот вообичаен живот. Останатите мештани биле восхитени и побарале од мисионерките да ги лечат и нивните најблиски.

**Предупредување за труење**

Мештаните биле благодарни на помошта, укажувајќи им на девојките да  избегнуваат одредена куќа во селото: „Немојте да одите таму, ќе бидете отруени".

Мисионерките не ги прифатиле предупредувањата, верувајќи дека Господ ги испратил да го посетат секое семејство во ова село.

Кога тропнале на вратата на таа куќа, жена на возраст од триесетина години радосно им ја отворила вратата, и веднаш им понудула храна и пијалак. Деси забележала брашно од касава и виолетова пченка. Вртејќи се кон својата пријателка мисионерка, рекла: „Повели, земи ти прва".

Нејзината пријателка одбила со зборовите: „Не, не, повели, земи ти прва".

Деси потоа ја прашала жената, во селото позната како Мама Венди, дали може да се помолат пред да јадат.

„Ние сме христијанки. Се молиме за сѐ што се правиме", рекла Деси.

По молитвата, младите девојки ја изеле храната и не им се случило ништо лошо.

Мама Венди ги повикала мисионерките и наредниот ден и повторно им понудила јадење. Повторно се молеле и ништо лошо не се случило. Оваа постапка се повторувала секојдневно наредните две седмици.

Конечно, Мама Венди им рекла на останатите мештани: „Овие мисионерки не се обични девојки. Им давав отровна храна во изминатите две седмици, а ним ништо не им се случи!"

Приказните за овој настан брзо се рашириле по селото, дека мисионерките се имуни на отров. Многи мештани тогаш одлучиле да одат кај нив и да ја дознаат вистината за нивниот Бог.

Деси денес има 21 година и ја следи последната година од студи-

ите по англиски јазик на универзитетот Клабат, адвентистичка образовна установа на север на островот Сулавеси.

Таа се надева дека повторно ќе отиде во планинското село кога ќе дипломира и дека таму ќе отвори основно училиште. Во текот на една година мисионерска работа, таа во неколку наврати го посетувала селото. Таа е одушевена од фактот дека Мама Венди сега ја проучува Библијата.

Библискиот стих, кој навистина ни даде сила оваа година е: „Знам дека Ти сѐ можеш и дека намерата Твоја не може да биде неизвршена“ (За Јов 42,2).

Ви благодариме за мисионските дарувања кои го поддржуваат ширењето на евангелското дело и работата на мисионерите насекаде во светот.

# Библија која збунува



Зелиндо Жоао Лај, 42

Источен Тимор, 8 декември 2018

Зелиндо бил младич кој правел многу проблеми. Сакал да пие, да пуши, да се коцка... Се истетовирал и основал улична банда. Одел во црква секоја недела, но се чувствувал бедно.

Кога наполнил 21 година, одеднаш почувствувал неодолива желба да ја прочита Библијата. Немал Библија, и затоа ѝ испратил порака на сестра си, која живеела во Сурабаи, индонезиски град кој се наоѓа 1.400 км оддалечен од Источен Тимор.

„Дали можеш да ми набавиш и да ми испратиш Библија?“ ја замолил тој.

Две седмици подоцна, ја примил Библијата и во рок од еден месец ја прочитал целата. Но, не го разбирал она што го прочитал. Затоа, ја прочитал Библијата и по втор пат, а потоа и по трет пат, но и понатаму не разбирал многу работи во неа.

Потресен од ова, клекнал на колена и почнал да се моли: „Боже, сакам да ја разберам Твојата Реч, но не знам како. Те молам испрати ми го Светиот Дух да ме води“.

Потоа пак почнал да чита Библијата и по четврт пат, молејќи се за водство на Светиот Дух секој пат кога ја читал. Тогаш почнало да се случува нешто прекрасно, иако и самиот изненаден од тоа, почнал да сфаќа многу од стиховите во Библијата. Застанал кај втората заповед која кажува: „Не прави за себе идол, ниту некаква слика на она, што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата под земјата; немој да им се поклонуваш, ниту да им служиш, бидејќи Јас сум Господ, Бог твој; Бог ревнител, кој за гревовите на татковците ги казнува децата до третото и четвртото колено, ако тие Ме мразат“ (2. Мојсеева 20,4.5).

Се прашувал, зошто во неговата црква се наоѓаат икони, кипови? Продолжил во недела да оди во црква и да ја чита Библијата секоја вечер во наредните три години. Во меѓувреме се оженил и отворил две продавници.

Еден ден, еден верник од Адвентистичката црква, Томас Лопез, влегол во една од неговите продавници и му понудил книга со наслов: „Речиси заборавен ден“ од евангелистот Марк Финли.

Зелиндо бил шокиран од сознанието дека саботата е библискиот ден за одмор. Го нашол телефонскиот број на Лопез, кој бил запишан на последната страница од книгата. Му се јавил и побарал да се сретне со Томас.

Кога Томас дошол, Зелиндо истиот момент го прашал: „Зошто оваа книга зборува дека саботата е ден за одмор, а не недела?“

Томас не му дал директен одговор.

„Читај ја Библијата и дозволи Светиот Дух да ти одговори на тоа прашање“, му рекол.

Зелиндо ја прочитал Библијата уште еднаш, а кога дошол до Новиот завет, застанал кај стихот: „Кога измина саботата, на осамнување во првиот ден на седмицата, дојдоа Марија Магдалена и другата Марија да го видат гробот“ (Матеј 28,1).

Тогаш го добил очекуваниот одговор. Библијата ја опишува неделата како прв ден од седмицата. Наредната сабота ги затворил сите продавници, и отишол на утринска богослужба во својата црква.

По неколку седмици, свештеникот му пристапил на Зелиндо по саботното утринско богослужење. „Зошто доаѓаш во црква во сабота наместо во недела? Твојата сопруга и децата ги гледам во црква во недела“.

„Според моето сфаќање, саботата е ден кој треба да се празнува, а не недела“, му одговорил на свештеникот. „Не! Недела е“, му возвратил свештеникот.

Тогаш Зелиндо се почувствувал непријатно во црквата. Секој пат кога влегувал во црквата, поминувал покрај иконите и киповите. Клекнувал пред нив и прашувал: „Дали овие работи треба да постојат во црквата? Дали Ти дозволуваш слики и кипови?“

Еден ден, ја читал книгата на пророкот Исаија: „Јас сум Јахве, тоа е Моето име, и нема да ја дадам славата Своја на друг, ниту честа Своја на идоли“ (Исаија 42,8).

Овие зборови го исполниле со страв. Увидел дека Бог го забранува поклонувањето на слики и кипови, и тогаш одлучил повеќе да не им се поклонува.

Го повикал свештеникот: „Потребна ми е твојата помош. Ако не ми помогнеш, ќе ја напуштам црквата“, му рекол во разговорот.

Кога свештеникот дошол во домот на Зелиндо, Зелиндо веќе имал подготвено прашања за сликите и за саботата.

## Брзи факти

Национално јадење во Источен Тимор е Икан Пепес. Икан значи „риба“, а пепес претставува начин на готвење. Барена риба во чили сос на лист од банана.

Според легендата, Тимор настанал од крокодил кој се трансформирал во остров, како одговор на момчето кое му помогнало на крокодилот кој не се чувствувал добро. Потомците на ова момче се староседелци на Тимор.

Фауната на Тимор вклучува и кускус (вид на торбари), мајмуни, елени, цибетки (вид на мачка), змии и крокодили.

„Брате, само верувај. Тоа е доволно“, му рекол свештеникот.

Но Зелиндо не бил убеден со овие зборови бидејќи Библијата ја прочитал веќе неколку пати и сфатил дека верата мора да биде поддржана и со дела.

Станал адвентист.

Четири години подоцна, тој е угледен верник на Адвентистичката црква во Источен Тимор. Со своето ангажирање довел многу луѓе до крштавање.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година беа употребени да се изгради првата адвентистичка црква во Дили, главниот град на Источен Тимор. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.

# Да се живее според верата

Тајланд, 15 декември

Јојо Шимрај, 33



Бракот може да биде тежок. Да слушнеме за случајот на Јојо, професор по потекло од Инидја, кој работел во Банкок, главниот град на Тајланд.

Неговата сопруга, Филипинка, предавала во адвентистичкото училиште Корат, во градот кој се наоѓал на неколку часа возење од нивниот дом. Нивниот мал син живеел со сопругата во Корат.

Јојо во почетокот ја трпел ваквата состојба на ситуацијата. Заработувал доволно пари, обучувајќи ги учениците за работа на компјутери во едно приватно улилиште во Банкок. Одржувал и дополнителни семинари, што му носело уште повеќе пари и затоа одлучил да остане во Банкок. Во меѓувреме, неговата сопруга Карла изјавила дека добила работа како воспитувачка во градинка под покровителство на Адвентистичкото интернационално мисионерско училиште во Корат.

Нешто подоцна, Јојо сфатил дека не му одговара неговиот тежок брак. Иако имал многу пари, не му се допаѓало тоа што по пет работни дена во Банкок, одел во Корат само за викендот. Се плашел од возењето по темница во недела навечер. Затоа одлучил да побара некоја работа во Корат.

Но, и покрај сите напори, не можел да најде работа. Јојо сметал дека е доволно квалификуван за која било работа, бидејќи во Банкок бил преплавен со понуди за работа. Но, во Корат никако не можел да се снајде.

Училиштето од Корат во една прилика се јавило во неговото училиште во Банкок нудјеќи му работа, но им било кажано дека не можат да му дадат отказ бидејќи веќе имал потпишано договор со нив.

Цели три години не можел да најде ништо. За тоа време Јојо почнал длабоко да размислува за своите животни потреби. Бил од-

гледан во семејство на адвентистички пастор во Индија, но кога го завршил колеџот, правел чести компромиси со саботниот ден. На Тајланд отишол на повик на својата сестра. Тогаш ја запознал Карла, адвентистка од Филипините, и се венчал со неа. Додека бил млад одел во црква, чувствувајќи вина бидејќи е син на пастор а не негува лична заедница со Бога.

На крајот, Јојо одлучил да се моли на Бога: „Боже, јас ова не можам да го завршам сам. Сакам да се вратам во Твоите прегратки".

Ја напуштил својата работа во Банкок и се преселил во Корат. За прв пат во својот брак зависел од приходите на својата сопруга. Јојо, трпеливо се молел за работа.

Поминале два месеца, а тој станувал сè помалодушен.

„Бев нерасположен и нервозен. Се навикнав да работам и да се чувствувам уважуван. Ова беше многу тежок период во мојот живот".

Некаде во тоа време, директорот на меѓународното адвентистичко мисионско училиште му рекол на Јојо дека во училиштето е потребен некој што ќе предава за компјутерски програми. Јојо ги имал квалификациите кои се барале, но директорот му рекол дека таа позиција била наменета за некој кој е подготвен да волонтира.

Јојо не размислувал два пати, ја прифатил понудата и со цело срце ги одржувал часовите.

По три седмици, директорот на училиштето го ангажирал Јојо како професор во компјутерската настава и ИТ менаџер со полно работно време.

Денес, Јојо е единствениот во своето семејство кој заработува за леб. Карла ја напуштила својата работа, бидејќи им се родило второто дете, и таа во потполност се посветила на децата. Семејството денес има многу помали приходи отколку порано, но Јојо изјавува дека никогаш не бил посеќен во животот.

„Јас сум единствениот кој заработува пари, но секогаш имаме доволно храна на трпезата. Оваа состојба ме инспирира сам себеси да си го поставам следното прашање: каде беше мојата вера порано?"

Неговиот омилен библиски стих е: „Сè можам преку Исус Христос, Кој ме крепи" (Филипјаните 4,13).

„Многу сум среќен и задоволен што можам да работам за повисока и повозвишена цел - за Господа".

Дел од даровите на 13-та сабота ова тримесечје ќе биде употребен за меѓународното адвентистичко мисионерско училиште. Новите училници ќе им помогнат, покрај основното образование, во училиштето да се воведе и средно образование. На тој начин ќе може да прими нови ученици.

Ви благодариме што со своите дарувања ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква.

## Во врска со искуството

1 Корат е име на градот Након Рачасим кој често се употребува.

## Мисионски информации

1 Тајландската мисија опфаќа 52 цркви со 15.385 верници. Со популација во државата од 65.323.000 Тајланд има 1 адвентист на секој 4.245 човек.

2 Порано мисионерското дело на Тајланд во голема мера дејствувало меѓу кинеското население. Првиот тајландски обратеник бил младич кој бил крстен во 1925 година, а подоцна станал помошник на менаџерот во Банкок санаториумот и болницата.



# Молитва за исчезнатата сестра

Тајланд, 22 декември

Ан Фонгчан, 38

Ан никогаш немала намера да стане христијанка. Одгледана од страна на самохрана мајка, таа редовно медитирала во храмот во едно тајландско село на границата со Лаос. Учествувала во свеченостите и активностите во храмот, а понекогаш и преспивала во храмот.

А потоа, одлучила да се запише на мисионскиот колеџ (сега под името Азископацифички меѓународен универзитет), адвентистички институт кој се наоѓал на 15 часа возење со автобус од нејзиниот дом.

Слушнала за овој колеџ од еден дипломиран студент, кој бил на посета кај своите роднини во нејзиното село. Исто така, дознала дека постои можност да работи на колеџот и на тој начин да ја плати својата школарина.

„Немаме пари, а јас сакам да студирам. Сакам да одам на ова место“, ѝ рекла Ан на својата мајка.

Во мисионскиот колеџ, Ан се посветила на студиите и својата работа. Не се интерсирала за Бога. Одела на часови во саботната школа за да го усоврши своето знаење по англиски јазик, и тогаш за прв пат во својот живот слушнала за силата на молитвата.

„Бог може да направи чудо во сечиј живот. Потребно е само да веруваш. Ако имаш доверба во Него и ако Му се молиш, Тој ќе те благослови“, рекла професорката. Сепак, Ан не верувала во Бога.

„Ако се молиш со целото свое срце, Бог ќе одговори“, рекла професорката. Но, Ан и понатаму не верувала.

**Прва молитва**

За време на летниот распуст, Ан се изгубила во новиот трговски центар, во близина на своето родно село. Требала да се сретне со својата мајка во 4:30, но не можела да го најде местото на кое требало да се состане со неа. Ја барала мајка си до 5 часот. Длабоко загрижена, се сетила на зборовите за молитвата на учителката во саботната школа. Се обидела да се моли: „Господе, ако навистина сакаш да одам таму каде што си и Ти, и сакаш да Те запознаам уште подобро, помогни ми да ја пронајдам мајка ми“. Кога ги отворила своите очи, мајка ѝ стоела пред неа.

Се упатила кон автобуската станица за да го фати автобус за мисионерскиот колеџ. Ан не задоцнила за автобусот. Кога пристигнала на автобуската станица, дознала дека нејзиниот автобус доцнел поради некои технички проблеми.

„Бев одушевена. Тоа беше прв пат, да ја искусам Божјата сила“. Но, Ан и понатаму не сакала да стане христијанка.

**Втора молитва**

Мајка ѝ заедно со помладата сестра на Ан се преселила во Банкок, за да биде поблизу до својата постара ќерка.

Еден ден, мајка ѝ ја повикала Ан и низ солзи рекла: „Твојата сес-

тра исчезна, а јас не знам што да правам ниту каде да ја барам“.

Ан добила дозвола да отсуствува од еден испит. Пред да тргне на автобуската станица, таа се помолила заедно со нејзиниот професор. „Продолжи да се молиш и верувај во Бога, а Тој ќе направи сѐ да излезе на добро“, рекол професорот.

Ан непрекинато се молела по патот до Банкок. Кога стигнала, дознала дека нејзината сестра исчезнала по некое недоразбирање со мајка си.

„Дали можеш да одиш и да ја побараш? Цел ден ја барам“, рекла мајка ѝ.

Ан три дена ја барала својата сестра. Но на крајот од третиот ден, ја изгубила секоја надеж, но не сакала да се врати кај својата мајка и дополнително да ја вознемири.

Додека пешачела кон куќата, застанала покрај излогот на една продавница. Во тој момент, една постара жена и пристапила и ја потчукнала по рамото.

„Си одам дома“, рекла Ан.

„Не мораш повеќе да ја бараш личноста по која трагаш“, рекла жената.

Погледнувајќи ја, Ан одговорила: „Не барам никого. Си одам дома“.

Жената молчела некое време, а потоа рекла: „За два – три дена сестра ти ќе се врати дома. Не мораш повеќе да ја бараш“.

„Не барам никого“, била упорна Ан.

Жената само се насмевнала и седнала на тротоарот.

Два дена подоцна, Ан се вратила од својата потрага и ја нашла својата сестра дома. Ан брзо излегла од дома сакајќи да ја пронајде жената од пред излогот. Не успеала. Се вратила и наредниот ден, но повторно не можела да ја најде жената.

## Во врска со искуството

1 Целото име на Ан е Сенгсурин Фонгчан.

## Мисионски информации

2 Тајланд е единствена земја во југоисточна Азија која не била колонизирана од страна на некоја европска држава. На тајландски јазик, оваа држава се нарекува Пратет Тај, што во превод значи – земја на слободните.

3 Тајланд е земја во која можете да сретнете како најмали, така и најголеми суштества, најмалиот цицач на светот е слепиот глушец бумар, а најголемото суштество е китот-ајкула.

4 Главниот град на Тајланд е Бангкок, со популација од приближно 15 милиони луѓе.

Овој настан и одговорот на молитвата, го допреле срцето на Ан. Размислувала за Бога и за неговото водство во живото. Подоцна се крстила и станала професор по мисионство.

Денес таа е директорка на Адвентистичкото меѓународно мисионско училиште кое има 150 ученици во тајландскиот град Корат.

Дел од даровите на 13-тата сабота ќе бидат употребени да се изгради нов училишен камп, како и да се воведе средно училиште. На тој начин ќе прими многу повеќе ученици. Ви благодариме што ги поддржувате мисионските дарувања.



# Проблем со темпераментот

Програма на 13 сабота, 29 декември

Ан Фонгчан, 38

***Забелешка:*** *Учесниците не мораат да ги учат напамет своите делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мораат да читаат од скриптата. Извежбајте ја целата програма, за да можат учесниците да се чувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она за кое сметаат дека е важно.*

*Ова тримесечје запознавме луѓе од Мјанмар, Камбоџа, Индонезија, Источен Тимор и Тајланд. Денес ќе слушнеме уште една приказна од Тајланд.*

Во својата младост Ан била тврдоглава и се борела да го контролира својот темперамент. Решила да не го заврши средното училиште, бидејќи не ги сакала учителите. Со пила го пресекла синџирот од моторот на својата мајка, кога таа ѝ забранила да го вози моторот.

Кога се преселила за да студира во мисионскиот колеџ (сега Азископацифички интернационален универзитет), не било ништо чудно што по неа тргнала и нејзината мајка, за да биде сигурна дека нејзината ќерка нема да западне во некоја неволја.

„Мајка ми немаше доверба во мене. Имав проблеми со контролата над мојот темперамент. Правев сѐ што сакав. Мајка ми беше исплашена да не завршам во затвор поради мојот незауздан темперамент“, вели Ан.

Ан во колеџот научила да се моли. Бог на различни начини одговарал на нејзината молитва. По дипломирањето, Ан му го предала своето срце на Христа и се крстила.

Нејзините пријатели, кои не биле христијани, се потсмевале на таа нејзината одлука.

„Многу си глупава“, ѝ рекол некој од нив. „Си влегла во секта“, додал друг.

„Јас не сум глупава. Не сакам повеќе да се сомневам во моите уверувања. Избрав да бидам христијанка и тоа и ќе бидам“.

Најголемиот проблем постоел дома. Мајка ѝ била лута што Ан ја напуштила својата вера од детството и се обидела да ја убеди да се врати. Ѝ забранувала да оди во црква. Ја терала да спие во храмот. Ан дополнително ја затегнала ситуацијата кога мајка ѝ и наредила да напише писмо на семејниот бог.

„Јас сега имам само еден Бог“, ѝ одговорила на мајка си.

Налутена, мајката ја заклучила во нивната куќа во Бангкок.

„Ќе останеш дома! Ќе добиваш храна и никаде нема да одиш“.

Ан можела да побегне низ прозорецот или да ја искрши бравата на вратата, но не го сторила тоа. За разлика од старата Ан, оваа Ан сега не губела контрола над својот темперамент. Ги извршувала сите домашни работи и смирено ја читала Библијата. Не разбирала сѐ што чита, но увидела дека тие зборови длабоко ја смируваат.

Еден ден, мајка ѝ ја прашала: „Дали ќе се вратиш да му служиш повторно на нашиот семеен бог?“

„Не, јас верувам во Господа Исуса, жал ми е, мамо“.

„Добро! Можеш да одиш во својата црква.“

Ан радосно отишла во црквата, а била многу изненадена кога и мајка ѝ изразила желба да појде со неа.

Лутината на мајката исчезнала. Се смеела и била среќна. Подоцна, мајката ѝ ја објаснила причината за својата среќа.

„Не знам кому треба да му се заблагодарам. Дали на твоите професори на колеџот или на Бога, бидејќи добив нова ќерка“.

Ан одговорила дека тоа била силата на Господ која дејствувала на неа.

„Бев брза и непромислена во своите постапки. Но, мајка ми повеќе не можеше да го види тоа на мене“, изјавила.

Денес Ан е директорка на Адвентистичкото меѓународно мисионерско основно училиште, кое има 150 ученици и се наоѓа во тајландскиот град Корат.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за да се изгради нов кампус на неодамна купениот плац, што ќе овозможи проширување на училиштето со средношколско образование. На тој начин, училиштето ќе може да прими нови уленици. Ви благодариме што денес великодушно ги приложувате даровите на 13-тата сабота.

## Програма на 13-тата сабота

Почетна песна „Кај Христа дојди и прими спас“,
Од песнарка на христијанската
адвентистичка црква, бр. 129

Добредојде Водачот на саботната школа

Молитва

Програма „Проблем со темпераментот и лекција
за лутината“

Завршна песна „Немој сега да ме минеш“,
Од песнарка на христијанската адвентистичка
црква, бр. .

Завршна молитва

*Текстот го напишала Ан Фонгчан*

Бог ме сака.

Една пријателка отпатува во Австралија и ме замоли одвреме-навреме да ги посетувам нејзините родители, кои живеат на Тајланд.

Домот на нејзините родители беше оддалечен од мојот дом, и така морав да размислам како да стигнам до тоа место. Бидејќи ова беше мојата прва посета, го наполнив ранецот и две ќесиња полни со секојдневни потрепштини. Повикав тук-тук такси (рикша) да ме одведе до главната автобуска станица.

Некаде на половина пат, такси-возачот ми кажа: „Не можам понатаму да ве возам, дали сакате да повикам некое друго такси“.

Ме презеде друго такси, но возачот ме однесе на погрешно место. Влегов во трето такси.

Ми беа потребни скоро два часа да стигнам до автобуската станица. Бев толку вознемирена кога стигнав на станицата што не сакав со никого да разговарам.

Службеникот на автобуската станица ме праша: „Каде патувате?“

„Ќе ви кажам подоцна“, му одговорив.

Кога малку се смирив, купив билет и чекав да дојде автобусот.

Додека патувавме до домот на родителите на мојата пријателка, поминавме покрај една сообраќајна несреќа. Можевме да ги видиме остатоците од запалениот автобус. Нашиот возач застана да направи неколку слики и ни кажа дека неколку патници загинале во оваа несреќа.

„Тоа е оној автобус кој отиде од станицата пред нашиот“, рече тој. Во истиот миг сфатив дека јас требаше да бидам во тој автобус. Не стигнав да се качам во автобусот бидејќи задоцнив поради возењето со трите такси-коли.

Кога ме видоа родителите на мојата пријателка, беа многу среќни. „Бевме многу загрижени, бидејќи мислевме дека и ти беше во оној автобус што изгоре“, рече мајка ѝ.

„Бог е навистина добар!“ Им ја раскажав целата приказна, иако тие не беа христијани.

Таткото рече: „Уаууу, Бог или ангелот кој те штити, е многу моќен!“

„Бог навистина ме сака“. (Додека се приложуваат даровите, може да тече инструментална музика.)

# Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Бангладеш. Камбоџа, Тајланд, Филипини, Индонезија Мјанмар, Пакистан, Шри Ланка, Источен Тимор и Југоисточноазиската пацифичка дивизија (ЈАПД), обратете се во локалната библиотека или во некоја патничка агенција или амбасада на посакуваната земја. Напишете го називот на земјата на вашиот интернет пребарувач. Следните веб-сајтови можат да ви бидат од полза:

Мисионското списание и на социјалната мрежа Фејсбук. Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа“ на нашите искуства на www.facebook.com/mission-quartelies.

Мјанмар: veb-sajt vlade bit.ly/GovMyanmar
Lonely Planet bit.ly/LPMyanmar
Камбоџа: veb-sajt vlade bit.ly/CambGov
Lonely Planet bit.ly/LPCambodia
Филипоини: veb-sajt vlade bit.ly/GovPhil
Lonely Planet bit.ly/LonPlanPhil
Индонезија: veb-sajt vlade bit.ly/IndoGov
Rough Guide bit.ly/RGIndo
Источен Тимор: veb-sajt vlade bit.ly/TLGov
Wikitravel bit.ly/WikiTET
Тајланд: veb-sajt vlade bit.ly/ThaiGovt
Tourism Thailand bit.ly/ThaiTour

Адвентисти на седмиот ден
Јужноазископацифичка дивизија adventist.asia
Мјанмар униска мисија
adventistmm.org
Централнофилипинска унија
cpucsda.org
Југоисточноазиска унија на мисии
saum.org.sg
Тајландска мисија adventist.or.th
Западноиндонезиска унија на мисии adventist.or.id

## Средство за остварување на целта

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување.

Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота).

Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

# Идни проекти на 13-тата сабота

Проекти кои ќе бидат приоритетни:

**Мозамбик**

» Проширување на одделенијата за исхрана и нутриционизам при адвентистичкиот универзитет Беира во Мозамбик.
» Основање на дом за напуштени деца кои ги изгубиле своите родители што заболеле од Хив/Аидс во Нампули.
» Изградба на основно училиште во Миланг.

**Сао Томе и Принципе**

» Основање на рехабилитационен центар за борба против зависност од алкохол и дрога во Сао Томе.
» Изградба на нова црква во Сао Томе.
» Изградба на аудиториум во дванаесетгодишното училиште во Сао Томе.

» ДЕТСКИ ПРОЕКТ: Библии на португалски јазик за децата од загрозените семејства во Мозамбик и Сао Томе и Принципе.

## Проекти

» Здравствен центар „Подобар живот“, во Лахореј, во Пакистан.
» Школа за јазици Намптисаван во Нгоји Фонсавана во Лаос.
» Адвентистичко меѓународно мисионско училиште во Корат на Тајланд.
» Центар „Основа на животот“ во Батамбангу во Камбоџа.
» Младински мисионски центар „Полуостров“ во Малезија.
» Центар за обука и писменост „Езеро Себу“ на Филипините.
» ДЕТСКИ ПРОЕКТ: 11 детски саботношколски одделенија во Саравак во Малезија.

ГРАДИВО 4/2018
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**